# ПОВИК ЗА ДОСТАВА НА ПОНУДИ

Министерство за труд и социјална политика
Проект за условени парични надоместоци-УПН проект
(Кредит Бр. 7735-МК)

## Набавка на хардвер и софтвер за меѓусебно поврзување и електронска размена на податоци помеѓу институции

**Реф.бр. МК/УПН # 2.1.36**

1. Овој повик за понуди ја следи општата објава за набавки за овој проект објавена во изданието на UN Development Business, со бр. 766, од 16ти јануари, 2010 година (печатено издание) и објавена електронски на 17ти декември 2009 година.

2. Република Македонија доби кредит од Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD) за спроведување на Проектот за условени парични надоместоци и дел од добиените средства ќе ги искористи за плаќања по договор за **набавка на хардвер и софтвер за меѓусебно поврзување и електронска размена на податоци помеѓу институции**

3. Министерството за труд и социјална политика ги повикува квалификуваните понудувачи да достават понуди за: **Дизајн, развој и имплементирање на софтвер и испорака на хардверска опрема потребна за меѓусебно поврзување и електронска размена на податоци помеѓу 14 институции, вклучувајќи и обезбедување на гарантни и пост-гарантни услуги.**

4. Процесот на набавка ќе се спроведе согласно набавниот метод "Меѓународен отворен тендер" опишан во упатството за набавки на Светска банка: Набавка со средства добиени од IBRD Заеми и IDA Кредити, мај 2004 година, ревидирано октомври 2006 година. Понудувачи можат да бидат сите правни лица, како што е наведено во "Упатството", кои ги исполнуваат следните **минимални задолжителни квалификациони критериуми (понудувачите мора да доставаат писмени докази дека бараните критериуми се исполнети) :**
   - Понудувачите мора да ја докажат својата финансиска стабилност и солвентност во форма на одобрени и нотарски заверени финансиски извештаи за последните три години, при што просечниот годишен обрт во последните три години не смее да биде понизок од еден милиони евра ( 1.000.000 евра) ; Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture), квалификациите на партнерите ќе се кумулираат и овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку водечкиот партнер исполни најмалку 60% а останатите партнери најмалку 15% од ова барање.
   - Ликвидните средства на понудувачот за фискалната 2013 година не смеат да бидат помали од сто илјади евра ( 100.000 евра); Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture), квалификациите на партнерите ќе се кумулираат и овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку водечкиот партнер исполни најмалку 60% а останатите партнери најмалку 15% од ова барање.

- Понудувачите мора да достават писмен доказ дека во последните пет (5) години се занимаваат со тековниот облик на бизнис (развој и достава на компјутерски софтвер и испорака на хардвер); Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture) овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку сите партнери го исполнат ова барање.
- Понудувачите мора да имаат најмалку пет годишно искуство во развој на софтвер, интегрирање, имплементирање, одржување и обука на слични или исти платформи со оние понудени во нивната понуда; Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture) овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку водечкиот партнер го исполни ова барање.
- Во последните пет години понудувачите мора да имаат успешно комплетирано најмалку два договори (истото да биде потврдено со достава на потврда или сертификат за прием, издаден од клиентот) за развој, инсталирање и обезбедување на техничка поддршка за информациони системи од сличен обем, функционални и технички карактеристики. Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture) квалификациите на партнерите ќе се кумулираат и овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку водечкиот партнер има комплетирано најмалку еден успешен договор.
- Понудувачот треба да има вработено лица со слениве квалификации кои ќе бидат назначени да работат на овој проект:

- Еден сертифициран Проектен менаџер (“PMI”, “Prince 2” или сличен сертификат) со најмалку десет години работно искуство во релевантна област, од кои најмалку 5 години мора да вклучуваат искуство со управување со проекти за развој, имплементација и поддршка на информатички системи.
- Најмалку 2 сертифицирани инженери за инсталација и конфигурација на понудената опрема, со најмалку тригодишно искуство во таа област.
- Најмалку двајца бизнис аналитичари со најмалку тригодишно искуство во таа област.
- Најмалку три лица кои се дизајнери и развивачи на апликациски софтвер со најмалку тригодишно искуство во таа област, и кои поседуваат сертификати за бараниот програмски јазик.
- Најмалку едно лице кое ќе биде одговорно за интеграција на софтверот и негово тестирање со најмалку тригодишно искуство во таа област.

Понудуваот мора да достави потпишана кратка биографија за секое од наведените лица како и копии од бараните сертификати кои се наведени погоре.

- Понудувачите мора да достават писмен доказ дека ги имаат измирено сите даночни обврски кон даночната управа во својата земја; Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture) овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку сите партнери го исполнат ова барање.
- Понудувачите мораат да имаат воспоставено или треба да достават план за воспоставување на сервисен центар на територијата на Република Македонија кој ќе биде во можност да обезбеди поддршка на системот кој ќе се развие како резултат на оваа набавка, во текот на гарантниот и пост гарантниот период;
    - Во случај да Понудувачот има веќе воспоставено ваков центар на територијата на РМ, истиот треба да биде опишан во понудата
    - Во случај да Понудувачот во времето на поднесувањето на понудата нема воспоставено ваков центар на територијата на РМ, понудувачот во

понудата треба да достави план  за воспоставување на сервисен центар во рок од еден месец од потпишувањето на договорот .

Во случај на заедничко вложување овој критериум може да биде  исполнет  од било кој партнер на заедничкото вложување, од под-договорувач, или пак доколку Заедничкото Вложување достави доказ за намера за поставување на сервисни капацитети (објект) пред датумот на финално прифаќање на системот.

- Понудувачите мора да достават овластување од производителите за испорака и одржување на понудената опрема.
- Понудувачите мора да ги исполнуваат стандардите пропишани со “ISO 9001 (Quality management system )”, “ISO 20001 (IT Service management)” и “ISO 27001 (Information security management system)”. Понудувачите мора да доставаат копии од горенаведените сертификати. Во случај на Заедничко вложување (Joint Venture) овој критериум ќе биде сметан за исполнет доколку водечкиот партнер го исполни  ова барање.

5. Заинтересираните понудувачи може да добијат дополнителни информации од 08:30 до 16:30 часот на адресата наведена на крајот на огласот. **Состанок за појаснување на предметот и барањата на овој отворениот повик** на кој што може да присуствуваат заинтересираните понудувачи ќе се одржи на 17.02.2015 година во 11 часот на следната адреса: Министерство за труд и социјална  политика, 4-ти кат, сала за состаноци бр:1, ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Македонија

6. Заинтересираните понудувачи можат да купат тендерската документација  на англиски јазик  со поднесување на писмено барање на адресата наведена на крајот на овој оглас и по плаќањето на неповратна такса од  50 евра или еквивалентно во денари (МКД) - според средниот курс на Народна банка на денот на плаќањето.

7. Методот на плаќање ќе биде

(а) За уплати во  странска валута:
Кореснодентна банка: CITIBANK NA New York, адреса:111 WALL STREET NEW YORK, NY 10043
Свифт: CITIUS 33
Број на сметка: 36086854
Банкарски детали (:57:):
Народна банка на Република Македонија, адреса: Комплекс банки бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Свифт код: NBRMMK2X
Краен корисник (: 59:):
ИБАН: MK07 1007 0100 0001 625
Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија.
Детали за плаќање: (:70): Уплата на паушал за купување на тендерска документација МК/УПН # 2.1.36.

(б) За уплати во МКД:
Единствена трезорска сметка број: 100 0000000630-95, корисник Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, сметка на буџетски корисник со број: 1500100299 631 69, приходна сметка 724125, програма 44, депонент Народна банка на Република Македонија.

Цел на дознака. Уплата на паушал за купување на тендерска документација МК/УПН # 2.1.36 за МТСП.

По извршената уплата тендерската документација во електронска верзија (MS WORD) и во печатена  форма може да се подигне на адресата што е наведена на крајот од овој оглас, или пак на писмено барање на понудувачот истата може да биде испратена по брза пошта на адресата што истиот ќе ја наведе во писменото барање за достава на тендерска документација. Доколку се јави разлика помеѓу хартиената и електронската верзија на документот, за точна ќе се смета хартиената верзија на документот

8. Понудите треба да се доставaт на адреса: Министерство за труд и социјална политика (архива на  приземје), ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Македонија, **најдоцна до 11:00 часот на 10.03.2015 година**. Понудите треба да бидат придружени со **банкарска гаранција во износ од 700.000,00 МКД** или еквивалентно во друга конвертибилна валута. Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени.

9. Понудите ќе бидат отворени јавно во присуство на претставници на понудувачите кои ќе сакаат да присуствуваат на јавното отворање кое ќе се одржи 10.03.2015 година. во 11.10 часот на  следната адреса: Министерство за труд и социјална политика, 4-ти кат, соба за конференции бр:1, ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Македонија.

10. Им се потенцира на понудувачите дека: 1) од нив ќе се бара да прецизираат и докажат во својата понуда дека понудениот софтвер е покриен со валидна лиценца од оригиналниот производител или пак е произведен од самиот понудувач и 2) сите отстапувања и прекршоци ќе се сметаат за измама, која што повлекува казнени мерки како забрана за понатамошно учество во набавки финансирани од Светска банка.

Министерство за труд и социјална политика,
Сања Андовска, Менаџер за набавки на УПН проектот,
Кочо Рацин бр: 14/9, 1000 Скопје, Република Македонија,
Тел: ++ 389 (0)2 3296-807, е-маил: sanja.andovska@mtsp.gov.mk